# П Р А В И Л Н И К

## за внатрешните односи и работењето на

# ВЕТЕРИНАРЕН ФАКУЛТЕТ

# БИТОЛА

Февруари, 2016 година

# С о д р ж и н а

**I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ .... 2**
Предмет на уредување .... 2
Положба на Ветеринарниот факултет – Битола .... 2
Наслов, печат, знаци и други обележја .... 3
*Наслов* .... *3*
*Печат* .... *3*
*Амблем* .... *4*
*Други обележја* .... *4*
**II. АВТОНОМИЈА .... 5**
Неповредливост на Факултетскиот простор .... 5
Заштита на автономијата .... 5
**III. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ .... 6**
Наставно-научни организациски единици .... 6
*Катедри* .... *6*
Стручна и административна служба .... 9
Библиотека .... 10
**IV. ОРГАНИ НА ФАКУЛТЕТОТ .... 10**
Наставно - научен совет .... 11
Утврдување кандидати за избор на декан и продекани .... 12
Разрешување на декан .... 13
Продекани .... 14
Деканатска управа .... 14
***Надлежност*** .... *15*
**V. ФИНАНСИРАЊЕ НА ФАКУЛТЕТОТ .... 16**
Кофинансирање и партиципации на студентите .... 16
**VI. ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ .... 16**
Стручен и научен назив .... 16
Содржина на студиските програми .... 16
Завршување на студиите .... 17
Приговор заради оценка од проверка на знаењето .... 17
Промоција за завршени студии .... 17
**VII. НАСТАВНО-НАУЧНИ, НАСТАВНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА .... 18**
Соработнички звања .... 18
Демонстратори .... 18
Постапка за избор .... 18
**VIII. СТУДЕНТИ .... 19**
Правила на студирање .... 19
**IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ .... 20**

Врз основа на член 9 став 3, а во врска со член 63 став 1 алинеа 1 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009 и 99/2009), Наставно-научниот совет на Ветеринарниот факултет – Битола на седницата одржана на ден 23.02.2016 година донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за внатрешните односи и работењето на Ветеринарниот факултет – Битола

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

***Предмет на уредување***

Член 1

Со овој Правилник, во согласност со Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот, поблиску се уредуваат внатрешните односи и работењето на Факултетот, а особено: статусот, називот, печатот, знаците и другите обележја на Факултетот, автономијата на Факултетот, внатрешната организација на Факултетот, органите на Факултетот, финансирањето на Факултетот, високообразовната дејност, правата и обврските на студентите и други прашања во согласност со Закон и Статутот на Универзитетот.

На прашањата коишто не се регулирани со овој Правилник се применуваат одредбите од Законот за високото образование, Статутот и другите акти на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.

***Положба на Ветеринарниот факултет – Битола***

Член 2

Ветеринарниот факултет – Битола е јавна високообразовна установа (во натамошниот текст: Факултет), која врши високообразовна, научно-истражувачка и применувачка, односно апликативна, високостручна дејност во студиско и научно-истражувачко подрачје, според студиска програма на една или повеќе сродни или меѓусебно поврзани наставно-научни, односно стручни области од прв и трет циклус на студии.

Факултетот може да врши високообразовна, научно-истражувачка, применувачка, односно апликативна високостручна дејност и во други подрачја кои се во врска со остварувањето на основната дејност на Факултетот и со неа поврзани фундаментални области и други подрачја кои се во врска со основната дејност на Факултетот.

Член 3

Факултетот својата дејност од член 1 ја врши како единица на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола (во натамошниот текст: Универзитет).

***Наслов, печат, знаци и други обележја***

*Наслов*

Член 4

Факултетот работи под наслов: **Република Македонија, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Ветеринарен факултет – Битола**.

Скратениот назив на фирмата на Факултетот е: **УКЛО Ветеринарен факултет – Битола**.

Седиштето на Факултетот е во Битола на ул. „Прилепска“ бб.

Називот на фирмата на англиски јазик е: **Republic of Macedonia, University “St.Kliment Ohridski” – Bitola, Faculty of Veterinary medicine-Bitola.**

Скратениот назив на Факултетот на англиски јазик е: **UKLO Faculty of Veterinary medicine – Bitola.**

*Печат*

Член 5

Факултетот има печат и штембил.

Печатот на Факултетот е во тркалезна форма, со дијаметар од 35 мм.

Во средината од кругот се наоѓа грбот на Република Македонија, а околу грбот во два концентрични круга стои натпис што гласи: Република Македонија, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, Ветеринарен факултет – Битола.

Графичкиот приказ на печатот е следниов:

Штембилот има правоаголна форма, во којшто најгоре стои грбот, а потоа редоследно е напишан текстот Република Македонија, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, Ветеринарен факултет – Битола, место за деловоден број, место за датум и на крај пишува Битола.

Графичкиот приказ на штембилот е следниов:

Начинот на користењето, видот и бројот на печатите и штембилот ги регулира деканот, со посебна одлука.

Член 6

Печатот се употребува за заверка на потписите на овластените лица ставени на документацијата создадена од органите и телата на Факултетот и актите на овластените лица.

Член 7

Штембилот се употребува за заверка на создадените документи од страна на органите и телата на Факултетот, при нивното внесување во деловоден протокол.

Наместо втиснување на штембил, Факултетот може неговата содржина да ја внесе и со електронски средства за пишување, пополнувајќи ги и оставените места за број и датум.

Член 8

Со печатот и штембилот ракува лице овластено од деканот на Факултетот.

Бројот на печатите и штембилите може да изнесува повеќе од 1 (еден) за што одлука донесува деканот, кој врши и надзор над нивната употреба.

Член 9

Референтите за студентски прашања имаат посебни печати во иста форма и содржина, со дијаметар од 24 мм и истите ги употребуваат за заверка на документи во своето работење, како што се испитни пријави, списоци на кандидати за полагање на испит, запишување и заверка на семестри, предмети, кредити и слично.

*Амблем*

Член 10

Амблемот на Факултетот е во тркалезна форма. Надворешниот и внатрешниот дел се во црвена боја во која стои Универзитет Св.Климент Охридски Битола со плава боја и Ветеринарен факултет Битола со црвена боја.Во Внатрешниот дел на прстенот стои интернационалниот знак за ветеринарна медицина кои се во плава,црвена и жолта боја во која е вградено знамето на Република Македонија.

*Други обележја*

Член 11

Факултетот може да ги употребува симболите на Универзитетот – грбот, знамето и химната под услови и начин утврдени со Статутот на Универзитетот.

На Факултетот се востановува одора за деканот и продеканите. Одората се носи при промоции, прослави и други свечености на Факултетот и Универзитетот, при претставување на Факултетот на меѓууниверзитетски и меѓународни средби и при други пригоди.

Изгледот на одората за деканот и продеканите го утврдува Деканатската управа.

# II. АВТОНОМИЈА

***Неповредливост на Факултетскиот простор***

Член 12

Просторот на Факултетот е неповредлив.

Просторот на Факултетот ги опфаќа: просторот во кој се сместени органите и во кои се остварува дејноста на Факултетот, другите придружни објекти, како и просторот наменет за спортски, културни, уметнички, рекреативни и други активности на студентите и вработените на Факултетот, како и земјиштето што служи за редовна употреба на просторот на Факултетот.

***Автономија на управувањето***

Член 13

Автономијата на управувањето со Факултетот се изразува во :
- планирање, остварување и развој на високообразовната дејност;
- воспоставување и уредување на внатрешната организација;
- донесување Правилник за внатрешните односи и работењето на Ветеринарен факултет – Битола и друга регулатива
- избор, именување и отповикување на органите согласно со Правилникот;
- одлучување за формите на соработка со други организации;
- здружување и асоцирање во соодветни организации и форуми во земјата и во странство;
- остварување меѓународна соработка, склучување договори и учество во меѓународни организации и асоцијации;
-одлучување за намената на дел од финансиските средства согласно законската и универзитетската регулатива
- одлучување за други права утврдени со овој Правилник.

***Заштита на автономијата***

Член 14

Деканот на Факултетот е должен да го извести ректорот на Универзитетот кога ќе констатира дека во неговата средина се нарушени принципите на автономија.

Деканот може да побара од ректорот на Универзитетот или лицето овластено од него, да даде согласност за присуство на полицијата и другите државни органи за безбедност, во просторот на Факултетот, заради обезбедување на непречено вршење на дејноста на Факултетот и остварување на неговата улога, цели и задачи и заради отстранување на состојбата по непосредна опасност по животот и здравјето на вработените и имотот на Факултетот, настаната од било кои причини.

За одржување масовни собири на студентите и на вработените во просторот на Факултетот, деканот е должен без одлагање да го извести ректорот.

# III. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ

***Наставно-научни организациски единици***

Член 15

За вршење на својата дејност, на Факултетот се основани следниве наставно-научни организациски единици: катедри , Центар за научно-истражувачка и апликативна дејност и Ветеринарен клинички центар.

Факултетот може да основа и други наставно-научни организациски единици, доколку постои потреба, ако се обезбедени средства, доколку се донесе план и програма за работа, ако се обезбеди објект, опрема и простор, или ако се обезбеди потребен број работници под услови утврдени со Статутот на Универзитетот.

*Катедри*

Член 16

Катедрите се формираат заради успешно организирање и изведување на наставната, научно-истражувачката и применувачката дејност од група сродни предмети, како и заради програмирање на наставната, наставно- истражувачката и применувачката дејност на наставниците и соработниците на Факултетот.

Катедрите се формираат или укинуваат со одлука на Наставно-научниот совет за определена област.

На Факултетот постојат следниве катедри:

- Катедра за претклинички и клинички науки
- Катедра за безбедност на храна
- Катедра по општо образовни предмети.

Член 17

Катедрите ја вршат следнава работа:

- ги предлагаат студиските програми, за предметите во состав на катедрата;
- даваат иницијатива за организирање индивидуална и колективна научна работа;
- ја унапредуваат и стимулираат наставно - образовната, научно-истражувачката и применувачката работа и помагаат за организирано поврзување и соработка на своите членови со соодветни научни институции и организации;

ги разгледуваат прашањата за изведување на наставата, како и прашањата од интерес за научната и наставната работа;

- му предлагаат на Наставно-научниот совет издавање на учебници, скрипти и други учебни помагала по предметите од катедрата;
- даваат предлози за избор на нови наставници и соработници од предметите на катедрите;
- предлагаат шеф и секретар на катедрата;
- му предлагаат на Наставно-научниот совет формирање на рецензиони комисии за избор на наставници и соработници;

- предлагаат студиски престој во земјата и странство;
- им предлагаат на Наставно-научниот совет и деканот испраќање на свои наставници на разни интерфакултетски конференции, симпозиуми, семинари и друго и
- вршат и други работи од надлежност на својата катедра.

Член 18

Членови на катедрата се наставниците и соработниците задолжени за организирање и изведување на наставно-научната и применувачката дејност на предметите од прв циклус на студии што се во состав на катедрата.

Член 19

Катедрите можат да имаат и надворешни соработници.

Надворешните соработници на катедрата ги избира Наставно-научниот совет по предлог на катедрата, од редот на истакнати стручњаци за предметите што се во состав на катедрата.

Во работата на катедрата можат да учествуваат и наставниците ангажирани со договор за дело, без право на одлучување.

Член 20

Катедрата полноправно одлучува ако на седницата присуствува мнозинството од вкупниот број членови на катедрата.

Одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови.

За спорните прашања меѓу две и повеќе катедри одлука донесува Наставно-научниот совет.

Член 21

Катедрата има шеф и секретар.

Шефот и секретарот ги предлага катедрата, а изборот го врши Наставно-научниот совет.

Шефот, по правило, се избира од редот на наставниците со научен степен доктор на науки, а секретарот од редот на останатите членови во катедрата.

Шефот и секретарот се избираат за две академски години.

Член 22

Шефот на Катедрата може да биде разрешен поради неизвршување на програмските определби утврдени од страна на катедрата или поради кумулација на функциите што ги добива во рамките на Факултетот.

Член 23

Шефот на катедрата:

- одговорен е за присуството на работа и исполнувањето на работните обврски на наставниците и соработниците по наставните дисциплине што припаѓаат на соодветната катедра;

- во случај на отсуство на одделни наставници и соработници, се грижи за обезбедување на нивна замена;
- се грижи наставниците да ги вршат своите обврски што произлегуваат од програмата и заклучоците на катедрата;
- изготвува план за работа и годишен извештај за работа на катедрата;
- се грижи за покриеност со литература на наставните дисциплини од катедрата и
- покренува и други прашања што се од интерес за работата на катедрата.

Член 24

Шефот на катедрата ги свикува седниците на катедрата и раководи со нив.

Седниците ги свикува по своја иницијатива, на предлог од деканот или на предлог од 1/2 од членовите на катедрата.

Ако не се свика седница во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на предлогот, седницата ја свикуваат самите предлагачи и со неа претседава најстариот по звање член на катедрата.

Катедрите и другите организациски единици одржуваат седници на кои даваат соодветни предлози и мислења по прашањата од дневниот ред на седницата на Наставно-научниот совет.

***Центар за научноистражувачка , апликативна дејност и Ветеринарен клинички центар***

Член 25

Како интегрален дел на својата вкупна дејност, Факултетот извршува и научноистражувачка и апликативна дејност.

Научноистражувачката дејност, во смисла на овој член, е творечка работа чии резултати содржат во себе изворност или новина, насочена кон проширување на вкупните знаења во областа на ветеринарните науки, а апликативната претставува примена на новодобиените сознанија во праксата.

Научноистражувачката и апликативната дејност на Факултетот организациски се реализира преку Центар за научноистражувачка дејност(во натамошниот текст:Центар) кој претставува посебна организациска единица на факултетот.

Целокупната научно-истражувачка и апликативна дејност Центарот ја раководи координира и управува раководителот на Центарот кој го избира и раководи Наставно-научниот совет од редот на наставниците на факултетот за време од две години а административните работи ги врши секретарот на Центарот,кој го избира Наставно-научниот совет од редот на соработниците на факултетот за време од две години.

Член 26

Како интегрален дел на својата севкупна дејност,факултетот изверува и ветеринарна клиничка дејност.Ветеринарно клиничка дејност,во смисла на овој член е практична творба чии резултати содржат во себе изворност која треба преку клиниките да биде насочена кон проширување на вкупните знаења на студентите во областа на клиничките науки во ветеринарната медицина и дацање на услуги на физички и правните лица.

Ветеринарно клиничката дејност на Факултетот ( во натамошниот текст Клинички центар) кои претставува посебна организациска единица во Факултетот и е составена од:

1.Клиника за мали животни,
2.Клиника за продуктивни животни
3.Клиника за коњи.

Целокупната ветеринарно клиничка дејност во Клиничкиот центар ја раководи и координира раководителот на Клиничкиот центар кој го избира аставно-научниот совет од редот на наставниците на Факултетот за време од две години,а административните работи ги врши секретарот на Клиничкиот центар кој го избира Наставно-научниот совет од редот на соработниците на Факултетот за време од две години.

Во сверата на едукација,со оглед дека распоредот на наставниот кадар е по одделенија и оддели во двете организациони единици,воспоставена е координативна врска на раководење со продекан на настава.

Член 27

Целокупната научно-истражувачка и апликативна дејност во Центарот ја раководи и координира раководителот на Центарот кој го избира Наставно-научниот совет од редот на наставниците на Факултетот за време од 2 (две) години, а административните работи ги врши секретарот на Центарот, кој го избира Наставно-научниот совет од редот на соработниците на Факултетот за време од 2 (две) години.

Член 28

Поблиските одредби за работата на Катедрите,Центарот за научно истражувачка и апликативна дејност и Ветеринарно клинички центар се уредуваат со посебни Правилници.

***Стручна и административна служба***

Член 29

За вршење на стручно-административните работи на Факултетот се формира стручна и административна служба - секретаријат.

Раководител на стручната и административна служба е секретарот.

Секретарот на Факултетот има права и должности утврдени со Закон, Статутот на Универзитетот и овој Правилник.

Член 30

Секретарот го избира Наставно-научниот совет на Факултетот, врз основа на конкурс, по предлог на деканот од пријавените кандидати.

За секретар може да биде избрано лице со завршено високо образование: правен факултет и 5 (пет) години работно искуство во струката.

Член 31

Секретарот на Факултетот:

- учествува во подготвувањето на материјалите за седниците на органите на Факултетот, како и во подготвувањето на одлуките и општите акти што ги донесуваат овие органи и тела;
- го застапува Факултетот во имотните и во другите правни работи;
- укажува на надлежните органи и одговорните лица за потребата од исполнување и извршување на обврските на Факултетот во соработката на Факултетот со соодветните државни органи и тела, надлежни за работите на образованието и науката и
- се грижи за уредноста и ажурноста во работата по предметите и подготвувањето на другите материјали и за таа цел свикува и раководи со работните состаноци на стручната служба.

Член 32

Секретарот е самостоен во работата од својот делокруг и во вршењето на своите права, должности и одговорности.

Вработените во стручната и административна служба за својата работа одговараат пред секретарот и деканот на Факултетот.

Член 33

Поблиски одредби за организацијата и вршењето на работите од член 30 и за раководителот на стручната и административна служба се утврдуваат со актите за организација и систематизација на работните места и опис и попис на работите и работните задачи на вработените во стручната и административна служба, што го донесува Деканатската управа во согласност со Статутот и другите акти на Универзитетот.

***Библиотека***

Член 34

Библиотеката на Факултетот учествува и дава свој придонес во креирањето на политиката на библиотечното работење во рамките на интегрираниот библиотечен систем на Универзитетот.

Библиотеката на Факултетот ја собира, ја уредува и ја распоредува научната, студиската и стручната литература и на наставно-научните кадри, соработниците и студентите им ги дава информациите и знаењата за студиите и за научната работа, ги упатува при употребата на библиотечниот фонд и барањето информации и изработува библиографија за наставниците.

## IV. ОРГАНИ НА ФАКУЛТЕТОТ

Член 35

Органи на Факултетот се: Наставно-научен совет, Декан и Деканатска управа.

***Наставно - научен совет***

Член 36

Наставно-научниот совет го сочинуваат: редовните и вонредните професори и доцентите.

Во Наставно-научниот совет свои преставници избираат соработниците и студентите.

Бројот на претставниците на соработниците во Наставно-научниот совет изнесува по еден преставник на секој десет члена на Наставно-научниот совет, избрани непосредно од соработниците.

Бројот на претставниците на студентите изнесува 10% од вкупниот број членови на Наставно-научниот совет и истите ги избираат органите на студентскиот парламент од редот на редовните студенти.

Доколку при утврдувањето на бројот на претставниците на студентите се појават децимали се врши заокружување на цел број, така што до вредност од 0,40 се заокружува на предходниот број, а вредност од 0,50 и повеќе се заокружува на наредниот цел број.

Мандатот на претставниците на соработниците трае 2 (две) академски години, а мандатот на претставниците на студентите трае 1 (една) академска година.

Член 37

Наставно-научниот совет одлучува со јавно гласање, освен за работите утврдени со Закон, Статутот на Универзитетот и овој Правилник за кој е предвидено тајно гласање.

Наставно-научниот совет може да одлучи да се спроведе тајно гласање и за други прашања за кои гласањето е јавно.

Член 38

Наставно-научниот совет работи и одлучува на седници.

Седниците на Наставно-научниот совет ги подготвува, ги свикува и со нив претседава и раководи деканот на Факултетот. Во отсуство на деканот, со негово овластување, седниците ги свикува и со нив раководи еден од продеканите.

Деканот е должен да свика седница на Наставно-научниот совет ако тоа го бараат 1/2 од вкупниот број членови на Наставно-научниот совет или 1/2 од вкупниот број на катедрите на Факултетот.

Деканот е должен да свика седница на Наставно-научниот совет во рок од 15 дена од поднесеното барање, а доколку тоа не го направи, инцијаторите за тоа го известуваат Ректорот.

Поканата за свикување седница на Наставно-научниот совет им се доставува на членовите најдоцна 2 дена пред седницата.

Со поканата за свикување на седницата на членовите на Наставно-научниот совет им се доставуваат и материјалите што се во врска со прашањата од предлогот на дневниот ред.

Поканите и материјалите за седниците на Наставно-научниот совет се доставуваат во пишана или електронска верзија.

Дневниот ред за седницата го утврдува и го усвојува Наставно-научниот совет на почетокот на седницата.

Во работата на Наставно-научниот совет учествува и секретарот на Факултетот без право на одлучување.

Поблиски одредби за работата на Наставно-научниот совет ќе се утврдат со посебен деловник.

Член 39

За работата на Наставно-научниот совет на седницата се води записник.

Деканот на Факултетот е должен да ги формулира сите одлуки и заклучоци пред да се пристапи кон гласање за нивно усвојување.

Во записникот се евидентираат сите одлуки и заклучоци усвоени на седницата.

Во записникот може да се внесе и определена дискусија по некое прашање доколку се достави во писмена форма. Ваквата дискусија е составен дел на Записникот и се приложува кон иститот.

Записникот го потпишува деканот. Записникот од седницата се поднесува на усвојување на една од наредните седници на Наставно-научниот совет.

***Декан***

Член 40

Надлежностите на деканот се утврдени со Законот, Статутот и другите акти на Универзитетот и овој Правилник.

Во рамките на утврдените надлежности со Законот, Статутот и другите акти на Универзитетот и овој Правилник, Деканот е самостоен во одлучувањето при располагањето со финансиските средства во рамите на финансиските планови утврдени од страна на Деканатската управа за исплата на поединечни износи до износ од 5.000 евра во денарска противвредност според средниот крус на еврото објавен од НБРМ на денот на донесувањето на одлуката.

Член 41

***Утврдување кандидати за избор на декан и продекани***

По донесувањето на одлуката за започнување на постапката за избор на декан, раководителите на внатрешните организациски едници на Факултетот свикуваат состаноци на единиците најдоцна во рок од 1 (еден) месец, на кои како точка на дневен ред поставуваат предлагање на кандидат/кандидати за декан на Факултетот.

Доколку внатрешната организациска единица утврди предлог кандидат/кандидати за декан, раководителот на единицата е должен така утврдениот-те предлог/предлози да го/ги достави до Наставно-научниот совет најдоцна во рок од 10 (десет) дена од утврдувањето на предлогот/предлозите.

Член 42

Предлог за утврдување на кандидат/кандидати за декан до Наставно-научниот совет, доставуваат внатрешните организциски единици (катедра, центар и слично).

Предложениот/предложените кандидат/кандидати од внатрешната организациска единица/единици поднесува/поднесуваат писмена/писмени изјава/изјави до Наставно-научниот совет, кој го предлага кандидатот/кандидатите, за прифаќање на кандидатурата за утврдување на кандидат/кандидати за декан и програма за работа за мандатниот период.

Гласањето по предлогот/предлозите за утврдување кандидат/кандидати за декан се врши во рок од 10 дена, а го спроведува Комисија составена од 3 (три) члена, избрана од Наставно-научниот совет на седницата на која се врши гласањето.

Членовите на Комисијата од своите редови избираат Претседател.

Комисијата го спроведува гласањето на начин што прво го утврдува вкупниот број членови на Наставно-научниот совет, подготвува гласачки ливчиња за предложениот/ предложените кандидат/ кандидати и го спроведува гласањето.

Член 43

По спроведеното гласање Комисијата на Наставно-научниот совет му поднесува Извештај за текот и резултатите од истото.

Наставно-научниот совет по Извештајот се произнесува на истата седница на која е вршено гласањето веднаш по презентирањето на резултатите од гласањето.

Член 44

По утврдувањето на кандидат/кандидати за декан од страна на Наставно-научниот совет, деканот на Факултетот е должен утврдениот предлог/предлози за избор на декан да го/ги достави до ректорот во рок од 7 (седум) дена по утврдувањето на предлогот/предлозите, заедно со целокупната документација.

Член 45

Ако во утврдениот рок не биде избран декан, до изборот на декан во редовна постапка ректорот назначува ВД Декан согласно Статутот на Универзитетот.

***Разрешување на декан***

Член 46

Деканот може да биде разрешен од должноста и пред истекот на мандатот за кој е избран.

Деканот се разрешува:

- ако тоа сам го побара;
- ако ги исполни условите за пензија;
- ако не биде избран во соодветно звање и поради тоа треба да му престане работниот однос;
- ако поради издржување казна затвор е отсутен до најмалку 6 (шест) месеци и
- заради потешки повреди на Закон, Статут, Правилник и други акти на Универзитетот и Факултетот.

Доколку Наставно-научниот совет не го прифати Извештајот за работата на деканот, на истата седница се отвора постапка за утврдување предлог за негово разрешување.

Со одлуката за отворање постапка за утврдување предлог за разрешување на деканот му се остава рок од 7 (седум) дена да се произнесе по предлогот за отворање на постапка за негово разрешување.

По истекот на рокот од 7 (седум) дена деканот во наредниот период од 7 (седум) дена е должен да свика седница на Наставно-научниот совет на која ќе се разгледува произнесувањето на деканот по наводите од одлуката за отворање на постапка за разрешување на деканот.

Доколку Наставно-научниот совет не ги прифати наводите на деканот или истиот во оставениот рок не се произнесе, се спроведува гласање за утврдување предлог за разрешување на деканот.

Доколку се утврди предлог за разрешување на деканот, истиот во рок од 7 (седум) дена заедно со целокупната документација од спроведената постапка се доставува до ректорот за натамошна постапка.

Мнозинството и начинот на гласање за утврдување предлог за разрешување на деканот се исти како и за утврдување предлог за избор.

***Продекани***

Член 47

Факултетот може да има најмногу 3 (три) продекани.

Одлука за бројот и надлежностите на продеканите на предлог на Деканот донесува Наставно-научниот совет.

Мандатот на продеканите е ист како и мандатот на деканот.

Член 48

Во рок од 15 (петнаесет) дена по изборот на новиот декан, истиот е должен до Наставно-научниот совет да достави предлог за избор на продекани.

Гласањето за предлог кандидатите за продекани се врши поединечно за секој кандидат.

Доколку на седницата на која се врши гласањето по предлогот на деканот за избор на продекани не бидат избрани продекани/продекан, деканот е должен да достави нов предлог за избор на продекан/продекани во рок од 15 (петнаесет) дена.

Член 49

Со престанокот на мандатот на деканот престанува и функцијата на продеканите.

Деканот може да поднесе предлог за разрешување на некој од продеканите под условите определени во член 47 од овој Правилник.

Постапката за престанок на функцијата на продеканите е иста со постапката за нивниот избор.

***Деканатска управа***

***Состав***

Член 50

Деканатската управа ја сочинуваат деканот, продеканите, шефовите на катедри, еден од раководителите на Центарот за научноистражувачка дејност и Ветеринарниот клинички центар и еден претставник на студентите избран од Студентскиот парламент.

Мандатот на членовите на деканатската управа трае за периодот за којшто се избрани на функциите што им го овозможуваат членството во Деканатската управа.

Мандатот на членот избран од Парламентот на студентите трае 1 (една) академска година.

Во работата на Деканатската управа учествува и секретарот без право на

одлучување.

***Надлежност***

Член 51

Покрај надлежноста утврдена со Закон и Статутот на Универзитетот, Деканатската управа е надлежна и за:

- одлучување во втор степен по прашањата од работните односи на вработените во Факултетот и
- одлучување во втор степен по прашања од правата и обврските на студентите.

Доколку работникот смета дека Одлуката на Деканатската управа не е во согласност со Законот, Статутот или друг општ акт на Универзитетот и овој Правилник, за истото може да го извести ректорот на Универзитетот заради превземање мерки од негова страна согласно Статутот на Универзитетот.

Член 52

Во рамките на надлежностите утврдени со Законот, Статутот и другите акти на Универзитетот и овој Правилник, Деканатската управа одлучува самостојно при располагањето со финансиските средства во рамите на финансиските планови за исплата на поединечни износи над 5.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на еврото објавен од НБРМ на денот на донесувањето на одлуката.

Член 53

Деканатската управа работи на седници.

Деканатската управа ја свикува и со седниците претседава деканот.

Деканот е должен да свика седница на Деканатската управа, доколку тоа го бара најмалку 1/2 (една половина) од членовите. Доколку деканот не свика седница во рок од 3 (три) дена од поднесувањето на барањето, седницата ја свикуваат иницијаторите, а со истата е должен да претседава деканот.

Деканатската управа може да работи, доколку се присутни најмалку 2/3 (две третини) од вкупниот број членови.

Одлуките се сметаат за донесени доколку за нив гласале повеќе од половината од присутните членови на Деканатската управа.

Поблиски одредби за работата на Деканатската управа ќе се утврдат со посебен деловник.

Член 54

За работата на Деканатската управа на седницата се води записник.

Деканот на Факултетот е должен да ги формулира сите одлуки и заклучоци пред да се пристапи кон гласање за нивно усвојување.

Во записникот се евидентираат сите одлуки и заклучоци усвоени на седницата.

Во записникот може да се внесе и определена дискусија по некое прашање доколку се достави во писмена и електронска форма најдоцна наредниот ден по завршување на седницата.

Записникот го потпишува деканот. Записникот од седницата се поднесува на усвојување на една од наредните седници на Деканатската управа.

Член 55

Деканот има право да стави вето на одлуката на Деканатската управа кога смета дека со неа се нарушува процесот на работење на Факултетот и за тоа го известува ректорот.

Одлука за спорното прашање донесува ректорот на Универзитетот.

## V. ФИНАНСИРАЊЕ НА ФАКУЛТЕТОТ

***Кофинансирање и партиципации на студентите***

Член 56

Факултетот може да достави предлог до Универзитетот за воведување партиципација на трошоците на студирање за бројот на студенти чие финансирање се врши во рамките на бројот на студенти чие образование се финансира од Буџетот на Република Македонија.

Факултетот нема да наплатува партиципација за:

- деца без родители;
- лица од прв и втор степен на инвалидност;
- воени инвалиди и
- лица растени во домови за напуштени деца.

## VI. ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

***Стручен и научен назив***

Член 57

Со завршувањето на студиите од прв циклус во интегрирани студии од прв и втор циклус 300 ЕКТС лицето се стекнува со стручен назив Доктор по ветеринарна медицина (ДВМ).

Член 58

Со завршувањето на студиите од трет циклус и јавна одбрана на докторскиот труд лицето кое ги завршило истите се стекнува со научен назив: доктор на науки, со наведување на областа од која е докторскиот труд.

***Содржина на студиските програми***

Член 59

Студиските програми содржат одредби и за:

- значењето и целта на студиската програма;
- знаењата и вештините што се стекнуваат по завршувањето на студиската програма;

- компетенциите што студентите ги стекнуваат по успешното завршување на студиската програма;
- одредби за дипломата и додатокот на дипломата;
- стручниот и научниот назив;
- условите за запишување на студиската програма;
- можноста за прилагодување на организацијата и временското распоредување на предавањата, семинарите и вежбите, според можностите на студентите (вонредени студии);
- и други одредби.

***Завршување на студиите***

Член 60

Студиите од прв циклус завршуваат со полагање на сите испити и изработка и одбрана на дипломски труд.

***Приговор заради оценка од проверка на знаењето***

Член 61

Студент, во рок од 24 часа, може да поднесе приговор до деканот ако не е задоволен од завршното оценување, односно од оценката, или ако смета дека испитот не е спроведен во согласност со Законот за високото образовние и со Правилникот на единицата.

Доколку деканот утврди дека се исполнети условите од ставот 1 на овој член, наставникот ќе ја преиспита оценката од завршното оценување во рок од 3 (три) дена.

Доколку наставникот не ја преиспита оценката што ја утврдил во рокот од претходниот став или остане на истата, на барање на студентот испитот се полага пред трачлена комисија составена од наставници од исто или сродно наставно-научно подрачје, во наредните 24 часа, наредниот работен ден, доколку испитот се полага усмено, а доколку испитот се полага писмено во истиот рок Комисијата ја оценува писмената задача.

Комисијата од претходниот став ја формира деканот, односно директорот и во истата предметниот наставник не може да биде член. Членови во Комисијата можат да бидат наставници и од други единици на Универзитетот или други Универзитети во земјата.

Оценката на Комисија е конечна.

Член 62

По барање на студентот му се овозможува да го повтори завршното оценување за повисока завршна оценка по наставен предмет во период од најмногу четири месеца од полагањето.

Решение по барањето донесува деканот во рок од 3 (три) дена од поднесување на барањето.

Со уважувањето на барањето за преполагање на испитот претходно добиената оценка се поништува.

***Промоција за завршени студии***

Член 63

Промоцијата на лицата што завршиле интегрирани студиски програми од прв и втор циклус ја врши деканот.

Промоцијата од претходниот став се врши двапати годишно и дипломите носат датум 25. април (основањето на Универзитетот) или 8. декември (патрониот празник на Универзитетот).

За промоцијата Факултетот ги известува завршените студенти најдоцна 10 (десет) дена пред одржувањето на промоцијата.

Промоцијата се врши на свечен начин во присуство на деканот и продеканите и други наставници, како и други поканети гости, со интонирање на универзитетската и студентската химна.

# VII. НАСТАВНО-НАУЧНИ, НАСТАВНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА

***Соработнички звања***

Член 64

Соработниците во наставно-образовниот процес учествуваат преку изведување на вежби во согласност со предметните програми.

Соработниците се должни да дежураат при изведувањето на писмените испити и колоквиумите.

Одредбите од овој Правилник за соработниците ќе се применуваат согласно со роковите утврдени со Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 103/2008).

***Демонстратори***

Член 65

Демонстраторите ги избира Наставно-научниот совет врз основа на интерен оглас што го објавува Деканатската управа за време од една академска година.

Интерниот оглас се објавува на огласната табла на Факултетот и истиот трае 5 (пет) дена од денот на објавувањето.

При изборот на демонстраторите предност имаат кандидатите со повисок општ успех и посебно од предметите за кои се избираат.

Демонстраторот има право да ги користи библиотечниот и информацискиот систем на Факултетот заради негово стручно усовршување и право на надоместок за извршената работа.

Демонстраторот има обврска да ги почитува актите на Универзитетот и Факултетот и да се придржува кон утврдениот распоред за вежби, испити и колоквиуми.

Поблиски одредби за правата и обврските на демонстраторот ќе се уредат со посебен договор, склучен меѓу Факултетот и демонстраторот.

***Постапка за избор***

Член 66

Во постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања се применуваат одредбите од Универзитетскиот Правилник за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања.

# VIII. СТУДЕНТИ

***Правила на студирање***

Член 67

Академската година започнува на 15. септември, а завршува на 14. септември наредната година.

Студиските програми во текот на студиската година се реализираат во два семестри: зимски и летен.

Зимскиот семестар започнува од 15. септември и завршува на 31. јануари наредната година, а наставата трае од 15. септември до 31. декември.

Летниот семестар започнува од 01. февруари и трае до 14. септември, а наставата трае од 01. февруари до 15. мај.

Секој од семестрите содржи 15 (петнаесет) недели настава и 3 (три) недели за спроведување на испитна сесија.

Завршните испити се одржуваат во испитни рокови и тоа:

- јануарски
- јунски и
- септемвриски.

Со одлука на Наставно-научниот совет, во оправдани случаи и за определени категории, односно генерации студенти, можат да се организираат уште два испитни рока во текот на академската година.

Член 68

Осмата и петнаесеттата недела од секој семестар се колквиумски недели.

Член 69

Запишувањето студенти на двата циклуси на образование се врши врз основа на Конкурс што го објавува Универзитетот.

Наставно-научниот совет предлага број на студенти за запишување на циклусите на образование.

Член 70

Проверката на знаењето по поодделни наставни дисциплини се утврдува во студиските програми во согласност со Статутот на Универзитетот и другите акти на Универзитетот и факултетот.

Член 71

При регулирањето на прашањата за напредувањето, инклузивно со условите за побрзо напредување, завршувањето на образованието, повторувањето на годината, односно условното напредување и паралелното интердисциплинирано и индивидуално студирање ќе се применуваат одредбите од Правилникот за единствениот крадит систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот.

Член 72

Студентот во текот на студиите може да премине од една на друга студиска програма најрано при запишувањето предмети од третиот семестар.

Член 73

Студентот може да се испише од Факултетот, при што му се издава посебен документ – исписница, во која се внесуваат запишаните години, семестри и положени испити.

Студентот може да бара испишување во секое време.

Испишувањето се евидентира во индексот на студентот.

Доколку студентот се испишува пред завршетокот на годината, должен е да ги измири финансиските обврски (партиципација или износ за кофинансирање) за целата академска година, согласно со условите од Конкурсот и студиската програма.

Одлука по барањето донесува деканот на Факултетот.

Член 74

Студентите коишто ги прекинале студиите по било кој основ имаат право да ги продолжат истите во статус кој го имале пред прекинот, според важечките студиски програми, во согласност со актите на Факултетот.

Решение по барањето на студентот од претходниот став донесува деканот.

Член 75

На студентите коишто доаѓаат на Факултетот од друга единица на Универзитетот или друг Универзитет, или приватна високообразовна установа што е акредитирана за вршење високообразовна дејност, им се признаваат определени положени предмети доколку истите се компатабилни со предметните програми на студиската програма на која се запишуваат студентите.

Признавањето на предметите го врши постојана Комисија формирана од Наставно – научниот совет. Во работата на Комисијата учествува и секретарот на Факултетот.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 76

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Билтенот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.(23.02.2016).

**Д е к а н**

**Ред проф. д-р Живко Гацовски**